Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден _.01.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

1. Со ова Решение се назначуваат двајца вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес:

   - _____________________ и
   - _____________________.

2. Мандатот на вршителите на должност трае до именување на нови членови, но најмногу шест месеци, без можност за продолжување.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

Согласно член 17–ѓ став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25): „Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност за членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување” и и 26-а: „Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор“.

Советот на Општина Велес на 66-та седница одржана на ден 21.07.2025 година донесе Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со арх.бр. 25-3725/41 од 21.07.2025 година со кое се назначуваат: Милка Петровски и Тања Василков.

Поради истек на 6 (шест) месечниот мандат на именуваните вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, потребно е да се именуваат нови вршители на должност со цел непречено функционирање на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес во целосен состав.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.